**Полио Плус – движење против хендикеп**

# „ Никој не е совршен“

## *Годишен извештај за 2015 година*

*НИКОЈ НЕ Е СОВРШЕН*

# Содржина

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ .......... 2
ВИЗИЈА .......... 3
МИСИЈА .......... 3
ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ НА ПОЛИО ПЛУС .......... 3
ПОЛИО ПЛУС АКТИВНОСТИТЕ ГИ ОСТВАРУВА ПРЕКУ: .......... 3
ПРОГРАМСКИ НАСОКИ НА ДЕЛУВАЊЕ .......... 4
ПРОГРАМСКИ НАСОКИ И АКТИВНОСТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ во 2013 .......... 8
ПРАВНА ПРОГРАМА .......... 8
Застапување за хармонизирање на законската регулатива со меѓународните норми и стандарди .......... 8
Унапредување на законската регулатива за вработување на лица со хендикеп .......... 8
Унапредување на законската регулатива за заштита од дискриминација .......... 8
Унапредување на подзаконските рамка за категоризација на лицата со хендикеп .......... 9
Подигнување на капацитетот за заштита од дискриминација .......... 9
Поддршка на работата на Интер-партиската парламентарна група (ИППГ) .......... 9
Унапредување и следење на законската регулатива за дискриминација на локално ниво .......... 9
Активно учество на Полио Плус во работните тела и органи во институциите .......... 9
СОЦИЈАЛНА ПРОГРАМА .......... 9
Категоризација на лицата со хендикеп .......... 10
ЕКОНОМСКА И ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА .......... 10
Спроведени 2 дебати за подобар закон за вработување на лицата со хендикеп .......... 10
Унапредување на предлог Законот за админситрација и вработувањето на 300 лица со хендикеп .......... 10
ГРАЃАНСКА ПРОГРАМА .......... 10
Обука на членовите на Академијата на судии .......... 10
Обука на членовите на здруженето „Надеж“ и МТСП за семејно насилство .......... 11
Конференција за Програма за реформи во социјалните и политиките за вработување 11
Активно членство .......... 11
КРОС-ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ .......... 11
Правна помош и совети .......... 11
Мултимедијални продукти .......... 12

# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Целосно име** | Полио Плус – движење против хендикеп |
| **Акроним** | Полио+ |
| **Правен статус:** | Здружение на граѓани |
| **Адреса:** | Бул. АВНОЈ, бр.64 локал 2, 1000 Скопје, Македонија |
| **Телефонски број:** | +389 2 2400 544 |
| **Број на факс:** | +389 2 2400 544 |
| **Електронска пошта:** | polioplus@polioplus.org.mk |
| **Интернет страна:** | www.polioplus.org.mk |
| **Матичен Број** | 5396441 |
| **Даночен број** | 4030000390748 |
| **Жиро сметка** | 300000000697660 |
| **Име на банка** | Комерцијална банка АД Скопје |
| **Претседател**<br>**Телефонски број:**<br>**Мобилен телефон**<br>**Електронска пошта** | Звонко Шаврески<br>+389 2 2400 544<br>+389 70 34 34 00<br>zvonko@polioplus.org.mk |
| **Контакт лице**<br>**Телефонски број:**<br>**Мобилен телефон**<br>**Електронска пошта** | Елена Кочоска – програмски координатор<br>+389 2 2400 544<br>+389 70 34 64 96<br>elena@polioplus.org.mk |

## ВИЗИЈА

Полио Плус е лидер, активен креатор и носител на суштинските промени за градење на светот како општество во кое сите лица со хендикеп учествуваат целосно, како еднакви граѓани.

Полио Плус, потпирајќи се на индивидуалните вредности, како прилагодлива, истрајна и одржлива организација, а преку искористување на процесите и механизмите на посредната демократија, заедно со другите чинители, го промовира и наметнува пристапот за еднакви можности, кој обезбедува учество на лицата со хендикеп во главните општествени текови.

## МИСИЈА

Полио Плус е граѓанска организација на лица со и без хендикеп која работи на суштинско поврзување и целосно остварување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп.

Нашата мисија е јакнење на самодовербата на лицата со хендикеп и креирање на општество со еднакви можности за сите.

**“Полио Плус не патува сам”.** Нашата мисија ја оствaруваме заедно со другите чинители во општеството.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ НА ПОЛИО ПЛУС

- Еднакви можности за учество на лицата со хендикеп во општествените текови;
- Еднаквост, толеранција и недискриминицација врз основа на хендикеп;
- Целосно почитување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп;
- Воспоставување на систем за правата и достоинството на лицата со хендикеп;
- Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Добро владеење, партиципација и политики за прашањето на хендикеп;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае врз јавните политики;
- Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог;
- Поддржан евроинтеграциски процес и зајакната регионална соработка;
- Полио Плус - независна организација, со кредибилитет, способна за партнерства и сојузи базирани врз еднаквост;
- Полио Плус е атрактивна и иновативна организација која учи со иновативен и глобален поглед.

## ПОЛИО ПЛУС АКТИВНОСТИТЕ ГИ ОСТВАРУВА ПРЕКУ:

- Застапување и лобирање за унапредување на постоечката и носење нова легислативата по прашањето на хендикепот во сите општествени текови,
- Креирање наи влијание врз политиките,
- Промоција и застапување за независното живеење на лицата со хендикеп,
- Подигнување на јавната свест,
- Афирмација на креативноста кај лицата со хендикеп.

# ПРОГРАМСКИ НАСОКИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Пет стратешки цели го отцртуваат среднорочното дејствување на Полио Плус. Станува збор за четири програмски насоки чии активности се меѓусебно испреплетени, но и секоја претставува приказна за себе. Исто така, препознавајќи ја итноста за колективна општествена еволуција, секоја од програмите предвидува соодветни афирмативни мерки за подигнување на јавната свест.

**Правна програма** – целинасочени кон унапредување на правниот систем, преку хармонизирање на домашното законодавство со меѓународното; креирање на систем на политики и програми на национално и локално ниво; за унапредување на положбата на лицата со хендикеп; како и почитување на нивните човекови права во политичкиот, економско-социјалниот и културниот живот.

**Социјална програма–** промоција на концептот за независно и достоинствено живеење, како и креирање на сеопфатна кохерентна политика во однос на регулаторните механизми за социјални сервиси за поддршка.

**Економско-образовна програма** – унапредување на положбата на лицата со хендикеп на пазарот на трудот и нивно активно учество во економската политика во Македонија, како и признавање на вредностите на лицата со хендикеп на пазарот на трудот. Затоа што не постои доствоинствено вработување без соодветно образование, оваа програма го вклучува и унапредувањето на редовниот образовен систем со цел инклузивно образование под еднаквиуслови за децата и лицата со хендикеп.

**Граѓанска програма**. Целта на оваа програма е да придонесе во намалувањето на дискриминацијата кон лицата со хендикеп, преку поврзување и вмрежување со други чинители и актери од општеството, како и промоцијана потребата од вклучување на прашањето на хендикепот во главните текови(mainstreaming),но и имплементирање на активности и програми во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

**Подигнување на јавната свест** за прашањето на хендикеп и сите општествени сегменти на живеење е клучот кон надминување на стигмата и стереотипите рапространети во општеството. Ова се сет на активности кои хоризонтално се вградени во сите четири програми и моделирани на начин да пружат соодветна поддршка на истите, согласно конкретните активности.

## ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ И КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ВО 2014

Во 2014 година, Полио Плус ги продолжи своите заложби кон унапредување на положбата на лицата со хендикеп,преку спроведување позитивни мерки и имплементација на нови и иновативни акции, кои придонесуваатkон кохезија на општествените чинители, а со цел активно вклучување на лицата со хендикеп во општествените текови.

Со оглед на новите предизвици,во 2014 година беа остварени следниве резултати:

- **Унапредено и хармонизирано законодавство**:
    - *Закон за градење* – на иницијатива на Полио Плус, Министерството за транспорт и врски пристапи кон измена и дополнување на Законот за градење (Службен весник на Република Македонија бр. 115/2014). Преку заедничко изготвување на текстот на членовите, се воведе обврската секоја новоизградена станбена зграда да мора да има најмалку еден целосно пристапен и достапен стан за лица со хендикеп на секои 10 стана. Исто така, се воведе обврската и одговорноста на локалните самоуправи да ги направат

јавните површини на своја територија пристапни и достапни за лицата со пречки во видот преку поставување на тактилни патеки.

- *Закон за вработување на инвалидни лица* – плод на активностите на Полио Плус од 2013 година е прифатената иницијатива за носење на нов Закон за вработување на инвалидни лица. На покана на Министерството за труд и социјална политика, во 2014 година, Полио Плус имаше активна улога во изготвувањето на текстот на овој закон. Новиот закон треба да ги промовира човековите права на лицата со хендикеп, да го отпочне процесот на надминување на застарените форми на вработување на овие лица, како и да го направи инклузивен отворениот пазар на труд (и во јавниот и приватниот сектор). Овој закон е во постапка пред Влада на Република Македонија.
- *Правилник за начинот на обезбедување на непречен пристап и движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите*–од измените и дополнувањата во Законот за градење произлезе и потребата од редефинирање на минимум стандарди за овозможување на пристапност и достапност до и во градбите. Полио Плус ја овозможи својата експертиза за изготвување на овој правилник.

➢ **Партиципативно креирање политики**:

- *Интер-партиска парламентарна група (ИППГ)* – клучниот механизам за влијаење при креирањето на закони и политики кои ги засегаат лицата со хендикеп е ИППГ. Целта на ИППГ е да се обезбеди надпартиска поддршка и влијание за прашањата од доменот на надлежностите на Собранието. И во 2014 година, Полио Плус ја продолжи својата улога на Технички комитет на ИППГ. Преку нејзините членови беа поставени неколку пратенички прашања до соодветни министри, како и беа поднесени неколку барања за автентични толкувања на одредби од закони. Редовно остварувавме средби со пратеници-членови на ИППГ на кои разгледувавме различни прашања од заеднички интерес, како и утврдивме начини за унапредување на комуникацијата со цел навремено реагирање за амандмани на закони во собраниска постапка.
  Следејќи ги парламентарните избори 2014, на седница на ИППГ едногласно се избра нејзиниот нов претседавач. На почетокот на 2015 година и официјално ќе се конституира новиот состав на групата.
- *Отворено владино партнерство* – дел од активностите на Владата на Република Македонија е креација на отворени владини партнерства со најразлични чинители од граѓанскиот сектор. Полио Плус силно го поддржува овој процес и активно учествува во истиот на полињата на вработување, образование, унапредување на демократијата и човековите права, како и на полето на слободен пристап до информации од јавен карактер.
- *Оцена на спроведување на регулативата: Закон за спречување и заштита од дискриминација (ОСР ЗСЗД)* – нашата активната вклученост во процесот на носење на овој закон во 2010 година, градењето на капацитетите на Комисијата за заштита од дискриминација во следните години, како и соработката со истата на голем број на активности, ни овозможуваат целосен преглед на состојбата на еднаквост и недискриминација во Македонија. По покана на Министерството за труд и социјална политика, Полио Плус имаше активно учество во Работната група за ОСР ЗСЗД. Донесовме три законодавни препораки за изменување и дополнување на ЗСЗД, но сеуште чекаме истите да

бидат прифатени од Владата на Република Македонија, процесирани во постапка пред Собранието на Република Македонија и инкорпорирани во текстот на ЗСЗД.

- *Средби со политички чинители* – во 2014 година Полио Плус продолжи со остварување на бројни средби со политички чинители на централно и локално ниво. Оствариве средби со министрите/заменици министри за труд и социјална политика, образование и наука, транспорт и врски и култура. Исто така, оствариме средби и со повеќе градоначалници и советници низ цела Македонија. Дел од овие средби имаа координативен карактер, додека дел служеа за исцртување на нови насоки на соработка и имплементација на нови активности.

  На меѓународен план, ја продолживме активната соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, УСАИД Македонија, Делегацијата на Европската Унија во Македонија, како и со одредени амбасади.

- **Експертска вклученост и членство во мрежи:**
  - *Обука на студенти на Школата за јавни Политики Мајка Тереза* – претставници на Полио Плус одржаа обука на тема Хендикепот и вработувањето, на која беа акцентирани предизвиците со кои се соочуваат граѓаните со хендикеп во остварувањето на нивното неотуѓиво право за достоинствено, под еднакви услови и поддржано вработување во Македонија.
  - *Предавање на студенти на Правен факултет Јустинијан Први*– по повод Меѓународниот ЕЛСА ден, претставници на Полио Плус беа поканети и одржаа предавање за хендикепот како прашање на човекови права, претставувајќи ја Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, како и нивото на нејзина имплементација во правниот систем во Македонија.
  - *Работилница Семејно насилство врз жени со хендикеп*–на покана на Министерството за труд, социјална политика и потрошувачи на Австрија, претставници на Полио Плус одржаа обука на претставници на давателите на услуги на жени жртви на семејно насилство и на претставници на МТСП за посебностите на давањето на услугите на жените со хендикеп.Целодневната обука беше пропратена со практични примери, кои треба да им помогнат на давателите на услугите и МТСПза начините на инкорпорирање на пршањето на хендикеп во законските одредбиза семејното насилство.
  - *Конференција за реформи во социјалните политики и политиките за вработување* – на покана на МТСП, претставник на Полио Плус ја презентираше актуелната состојба во овие полиња и ги пренесе насоките кои треба да се прифатат со цел системско решавање на овие прашања.
  - *Обука на судии во Академијата на судии и јавни обвинители на Македонија* – во декември претставници на Полио Плус одржаа обука на судии на основни и апелациони судови за националните и меѓународните аспекти на хендикепот и човековите права. Присутни беа околу 30 судии на кои детално им беше изложен концептот на хендикеп низ призмата на човековите права, како и неговите меѓународни и национални аспекти.
  - *Членство во национални и меѓународни мрежи*– ПолиоПлус продолжи активно да учествува во работата на повеќе национални и меѓународни мрежи, сојузи и коалиции:
    - ✓ Македонска платформа за борба против сиромаштијата;

- ✓ Граѓанска платформа на Македонија (Полио Плус е член на Комитетот на ГПМ);
- ✓ Македонија – Нулта корупција;
- ✓ Македонија без дискриминација – извршната канцеларија на МБД е стационирана во Полио Плус;
- ✓ Куќа за човекови права на Македонија;
- ✓ Академска мрежа на европски експерти за хендикеп АНЕД;
- ✓ Европска асоцијација на даватели на сервиси ЕАСПД;
- ✓ Европски форум за хендикеп (European Disability Forum – EDF);
- ✓ Меѓународна асоцијација на лицата со хендикеп (Disabled People International – DPI);
- ✓ Балканска независна мрежа за хендикеп (BIDF)

- **Подигнување на јавната свест и видливост на организацијата:**

✓ Изработени и емитувани 8 документарни филмови за прашањето на хендикепот во 8 области.

✓ Изработени видео спотови за недискриминација

✓ Изработени брпшури и публикации

# ПРОГРАМСКИ НАСОКИ И АКТИВНОСТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ во 2015

Согласно дефинираната стратегија (2010 – 2015), Полио Плус дејствува во четири (4) програмски насоки, за да се овозможи поголема ефективност и ефикасност во остварувањето на мисијата.

## ПРАВНА ПРОГРАМА

Општата цел на програмата е да се придонесе во унапредувањето на законската (правната) рамка, поврзана со прашањата што ги засегаат лицата со хендикеп во Македонија, во насока на нејзино усогласување со меѓународните стандарди и норми, како и законодавството во ЕУ.

Целта на програмата е да се изготват и промовираат законски решенија и предлози, што ќе го поддржат зајакнувањето и унапредувањето на остварувањето на човековите и граѓанските права и слободи на лицата со хендикеп, на национално, локално, регионално и меѓународно ниво.

**<u>Застапувањезахармонизирањеназаконскатарегулативасомеѓународнитенорми и стандарди</u>**

Во рамките на оваа насока беа реаллизирани серија на промотивни настани за промовирање и посочување на значењето на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и нејзиниот Опционен протокол. Со ратификувањето на КПЛХ, Македонија правно се обврза лицата со хендикеп да ги третира како рамноправни субјекти. За побрзо дејствување и промоција на Конвенцијата, Полио Плус и натаму активно застапува и лобира за воспоставување на инструментите и механизмите за имплментација на КПЛХ.

Во таа насока, Полио Плус како член на новото Национално координативно тело за имплементација на КПЛХ во РМ, организираше дводневна обука за членовите на ова тело со цел поефикасно застапување и запознавање со суштината на самата конвенција.

**<u>Унапредувањеназаконскатарегулативазавработувањеналицасохендикеп</u>**

Економската политика во Р. Македонија не располага со соодветна легислатива која на граѓаните со хендикеп би им овозможила активно да учествуваат на пазарат на трудот. Во 2014 година се покренаа серија активности во насока на унапредување на законодавната рамка за вработување на лицата со хендикеп.

Во таа насока, во 2015 година од страна на тимот на Полио Плус беа:

- Поднесени  иницијативи до Собранието на РМ,
- Изработена студија за законодавство во Македонија и во ЕУ,
- Изработен предлог за унапредување и/или усвојување на нов Закон за вработување на инвалидни лица, кој беше прифатен од страна на МТСП и веќе е формирана работна група за носење на нов предлог-закон, во која член е и претставник од Полио Плус.

**<u>Унапредувањеназаконскатарегулативазазаштитаоддискриминација</u>**

Како еден од иницијаторите за донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација, Полио Плус и во 2015 година продолжи да покренува иницијативи и активности во насока на унапредување на постоечката законодавна рамка за заштита од дискриминација.

За поефикасно разбирање на пристапот кон хендикепот се планираат заеднички активности и проекти за унапредување на прашањето на хендикепот, воспоставување рамка за

поднесување на преставки и за подигнување на прашањето на хендикепот во судските инстанци.

**Унапредувањенаподзаконскитерамказакатегоризацијаналицата со хендикеп**

Полио Плус во соработка со Министерството за труд и социјална политика во почетокот на 2015 година, работеше на унапредување на правилникот за категоризација на децата и младинците со хендикеп.

**Подигнувањенакапацитетотзазаштитаоддискриминација**

Заштитата од дискриминација не е само нормирање и санкционирање на дискриминаторски практики, туку, напротив, превенција и едукација, и тоа во континуитет. Токму затоа, Полио Плус спроведе едукативни сесии за граѓанските организации и активисти, но и за државните институции и комисиите за еднакви можности.

**ПоддршканаработатанаИнтер-партискатапарламентарнагрупа (ИППГ)**

Полио Плус, како иницијатор на основањето на групата, ја продолжи поддршката на нејзиното работење, како нејзин технички комитет и во текот на 2014 година.

Целта на ИППГ е да се обезбеди надпартиска поддршка и влијание за прашањата од доменот на надлежностите на Собранието, а кои ги засегаат лицата со хендикеп. Полио Плус обезбедува техничка и содржинска поддршка за работењето на оваа група.

Во 2015 година беше воспоставена новата структура на ИППГ која во следната година 2015 треба да започне со ефективна работа.

**Унапредување и следењеназаконскатарегулативазадискриминацијаналокалнониво**

Имајќи ги предвид измените во Законот за еднакви можности на жените и мажите, асо цел воспоставување дијалог и надминување на предрасудите на локално ниво, во 2015 година беа организирани **средби со локалнитесамоуправи**по прашањето на диксриминација. Во таа насока се направи преглед на постојните стратегиски документи во 10 општини, избрани и според препораките на Одделението за родова еднаквост при МТСП: во скопските општини Чаир, Аеродром и Кисела Вода, во Тетово, Велес, Неготино, Охрид, Радовиш, Виница и во Берово. Од оваа активност произлегоа 10 препораки за општинските совети за секоја локална единица посебно, како и краен/финален извештај од секоја општина опфатена со овој проект.

**АктивноучествонаПолиоПлусвоработнитетела и органивоинституциите**

Во 2015 година Полио Плус активно беше вклучен во неколку работни групи во државните институции кои работат на полето на човековите права, и тоа во:

- Работната група при МТСП за изготвување на текстот на Предлог Законот за вработување на лицата со хендикеп
- Работната група при МТСП за Оценка на спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација
- Национално координативно тело за имплементација на КПЛХ во Македонија
- Работна група при Министертсво за транспорт за рехабилитација на железничката станица.

## СОЦИЈАЛНА ПРОГРАМА

Целта на социјалната програма е да се придонесе во промоцијата на концептот за независно и достоинствено живеење, како и креирање на сеопфатна кохерентна политика за регулаторните механизми за сервисите за поддршка за лицата со хендикеп.

**Категоризацијаналицатасохендикеп**

Во 2015 година беше изработена компаративна студија за начинот на категоризирање на лицата со хендикеп во државата и во ЕУ. Оваа студија беше презентиранана релевантните чинители. Воедно, во соработка со МТСП беше организирана и конференција за вклучување на Меѓународната класификација на способности во нашето законодавство, преку изработкана подзаконски акт за категоризација на лицата со хендикеп.

## ЕКОНОМСКА И ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА

**Економско-образовна програма**има зацел унапредување на положбата на лицата со хендикеп на пазарот на трудот и нивно активно учество во економската политика во Р. Македонија, како и признавање на вредностите на лицата со хендикеп на пазарот на трудот. Бидејќи нема достоинствена работа без достоинствено образование, оваа програма, паралелно, има за цел унапредување на образовниот систем како и вклучување на лицата со хендикеп во јавниот и приватен образовен сектор.

**Спроведени 2 дебати за подобар закон за вработување на лицата со хендикеп**

Со цел унапредување на законодаваната рамка за вработување на лицата со хендикеп, беа организирани 2 дебати организирани од страна МТСП за промовирање на новиот закон за вработување на лицата со хендикеп.

**УнапредувањенапредлогЗаконотзаадминситрацијаи вработувањето на 300 лица со хендикеп.**

Од страна на Полио Плус беа изработени предлог мерки за унапредување на предлог Законот за администрација во насока на активно вклучување на лицата со хендикеп согласно предлог мерката на Владата за вработување на 300 лица со хендикеп. На голем број на институции во кои беа вработени лицата со хендикеп им беше дадеена едукација за работа со лица со хендикеп, како у услуги за прилагодување на нивните институции согласно потребата на лицето со хендике.

**Унапредување на предлог Законот за админситрација и вработувањето на 300 лица со хендикеп.**

Во 2015 година Полио Плус со поддршка на Владата на РМ направи анализа на дискриминаторксите практики по основ на хендикеп во образованието. При изработката на анализата беа воспоставени серијана средби со разчлични чинители од оваа област.

## ГРАЃАНСКА ПРОГРАМА

Целта на оваа програма е да придонесе во намалувањето на дискриминацијата кон лицата со хендикеп, преку поврзување и вмрежување со други чинители и актери од општеството, како и промоција потребата од вклучување на прашањето на хендикепот во главните текови (mainstreaming), активности и програми на релевантните општествени актери од трите сектори – јавниот, бизнис, граѓанскиот сектор, како и меѓунаордните институции.

**Обука на членовите на Академијата на судии**

Во почетокот на годината Полио Плус оддржа 1обуки на преставници со претстваниците, судии од Академијата на судии, кои беа запознаени со концептот на хендикепот и им беше презентирана Конвенцијата на правата на лицата со хендикеп.

**Обука на членовите на здруженето „Надеж“ и МТСП за семејно насилство**

Полио Плус оддржа 1 обуки на преставници на МТСП и здружението „Надеж“ за концептот на хендикепот и семејното насилство. Целодневната обука беше пропратена со практични примери, кои треба да им помогнат на членовите од здружението и мтсп, како да го инкорпорираат пршањето на хендикепот во законската одредба кја се однесува на семејното насилство.

**Конференција за Програма за реформи во социјалните и политиките за вработување**

На покана на МТСП, Полио Плус беше повикан на 17 декември да ја презентира состојбата и клучните предизвици во однос на политиките за вработување и социјалните политики на Македонија во однос на лицата со хендикеп.

**Активно членство во други национални и меѓународни мрежи**

Во рамките на оваа програма, Полио Плус ќе продолжи активно да учествува во работата на повеќе национални и меѓународни мрежи, сојузи и коалиции. Полио Плус има активна улога во следниве асоцијации:

- Македонска платформа за борба против сиромаштијата
- Граѓанска платформа на Македонија (Полио Плус е член на Комитетот на ГПМ);
- „Македонија – Нулта корупција“;
- „Македонија без дискриминација“ (МБД) – извршната канцеларија на МБД е стационирана во Полио Плус;
- Куќа за човекови права на Македонија;
- Академска мрежа на европски експерти за хендикеп АНЕД;
- Европска асоцијација на даватели на сервиси ЕАСПД
- Европски форум за хендикеп (European Disability Forum – EDF); и
- Меѓународна асоцијација на лицата со хендикеп (Disabled People International – DPI).
- Балканска независна мрежа за хендикеп (BIDF)

## КРОС-ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Една од главните нитки која се провејува низ сите пртходни наведени програмски делувања е подигнувањето на јавната свест, десеминација, промоција и афирмација на положбата на лицата со и без хендикеп, во насока на подигнување најавната свест и генерирање на позитивно јавно мнение по однос на феноменот хендикеп во македонското општеството.

**Правна помош и совети**

Полио Плус и во 2015 година продолжи со досегашната практика на обезбедување индивидуална правна помош и совети на граѓаните со хендикеп и нивните семејства. Според досегашното искуство, во најголемиот број случаи станува збор за остварување на различни права од сферата на социјалната заштита, помош при склучување или раскинување договори за работа, обезбедување информации за надлежностите на јавните установи и сл. Можноста за лобирање и алармирање за индивидуални случаи, на сторени неправди и повреди на правата на поединци со хендикеп, иако не ги решава проблемите суштински и системски, сепак е добредојдена за лицата соочени со проблемите што ги носи хендикепот.

Во текот на годината беа дадени 176 правни совети од кои 77 се однесуваат на правото за вработување и остварување на правата од работен однос, 61 се обратиле за запознавање со правата по основ на хендикеп,2 се обратиле за остварување на правото на гласање, 7 се обратиле за остварување на правото на мобилен додаток, 4 се обратиле за остварување на правото за обраозвание, 2 се обратиле за оставрување на правото на паркинг место за лицата со

хендикеп, 19 се обратиле за остварување на правото за бесплатен превоз, 1 се обратил за остварување на правото за сместување и 2 се обратиле за изградба и поставување на рампи.

**Мултимедијални продукти**

Полио Плус и во 2014 година продолжи со досегашната практика на користење мутлимедиумски прозводи и алатки кои ќе водат кон подигнување на јавната свест за прашањето на дискриминацијата воопшто, и за дискриминацијата по прашањето на хендикепот.

Во таа насока, беше изработен серијал од документарни филмови „Приказна за човекот“, во соработка со ТВ Сител. Нивната цел беше да го документираат и ги прикажат предизвицитие кои и претстојат на Македонија во поглед на ефективното имплементирање на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп. Документарните филмови еа прикажувани во 2014 и почетокот на 2016 година.

За унапредување на работата на КЗД, Полио Плус изработи 8 (осум) билтени, како и серија други продукти кои имаа за цел подигнување на видливоста на КЗД и промоција на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## ПАРТНЕРСТВА, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

### Односи со актери

Во текот на 2015 година,соработката се одвиваше во доста поинтензивна динамика. Со цел остварување на активностите беше остварена соработка со голем број на граѓански организации, организации на лица со хендикеп, како и различни чинители на национално и локално ниво. Паралелно беа остварени и серија на средби со различни чинители од регионално и меѓународно ниво.

### Односи со јавноста

Во текот на 2015 година Веб странатa на Полио Плус и ИППГ континуриано се ажурираше, а дел од нејзините содржини се публикуваа и на другите социјални медиуми, овозможувајќи на тој начин поголема видливост на Полио Плус. За активностите на Полио Плус медиумите имаат информирано 100 пати. Покрај информирањето низ медиумите, 8 натписи беа објавени во дневните печатени медиуми, беа реализирани 4 емисии од по 30 минути, 5 учества на утрински пограми на националните телевизии и 5 учестваво радио емисии.

**Скопје, 2016**

**Звонко Шаврески**
**Претседател**
**Полио Плус**
**– движење против хендикеп-**

хендикеп, 19 се обратиле за остварување на правото за бесплатен превоз, 1 се обратил за остварување на правото за сместување и 2 се обратиле за изградба и поставување на рампи.

**Мултимедијални продукти**

Полио Плус и во 2014 година продолжи со досегашната практика на користење мутлимедиумски прозводи и алатки кои ќе водат кон подигнување на јавната свест за прашањето на дискриминацијата воопшто, и за дискриминацијата по прашањето на хендикепот.

Во таа насока, беше изработен серијал од документарни филмови „Приказна за човекот", во соработка со ТВ Сител. Нивната цел беше да го документираат и ги прикажат предизвицитие кои и претстојат на Македонија во поглед на ефективното имплементирање на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп. Документарните филмови еа прикажувани во 2014 и почетокот на 2016 година.

За унапредување на работата на КЗД, Полио Плус изработи 8 (осум) билтени, како и серија други продукти кои имаа за цел подигнување на видливоста на КЗД и промоција на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## ПАРТНЕРСТВА, ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

**Односи со актери**

Во текот на 2015 година,соработката се одвиваше во доста поинтензивна динамика. Со цел остварување на активностите беше остварена соработка со голем број на граѓански организации, организации на лица со хендикеп, како и различни чинители на национално и локално ниво. Паралелно беа остварени и серија на средби со различни чинители од регионално и меѓународно ниво.

**Односи со јавноста**

Во текот на 2015 година Веб страната на Полио Плус и ИППГ континуирано се ажурираше, а дел од нејзините содржини се публикуваа и на другите социјални медиуми, овозможувајќи на тој начин поголема видливост на Полио Плус. За активностите на Полио Плус медиумите имаат информирано 100 пати. Покрај информирањето низ медиумите, 8 натписи беа објавени во дневните печатени медиуми, беа реализирани 4 емисии од по 30 минути, 5 учества на утрински пограми на националните телевизии и 5 учестваво радио емисии.

**Скопје, 2016**

**Звонко Шаврески**
**Претседател**
**Полио Плус**
**–движење против хендикеп-**